РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO D AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-2011/1
23.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **22.04.2024 година.**

Во него Ве информираме дека Агенцијата испрати допис до сите радиодифузери со потсетување на обврските за време на изборниот молк. Согласно Упатството за радиодифузерите за Претстедателските и Парламентарните избори 2024, за време на изборниот молк за Претседателските избори, **на 23 и 24 април (до 19 часот) 2024 година, продолжува изборната кампања за Парламентарните избори, но запира медиумското покривање во вестите и во посебно-информативните емисии на учесниците во изборните кампањи за двата изборни процеса.** За време на изборниот молк за Претседателските избори, **продолжува емитувањето на облиците на „директен пристап до избирачите“ (бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање) на учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори.**

Воедно, објавено е и соопштение на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**